# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

**Службен гласник на Општина Ресен Излегува по потреба**

Среда 28.12.2011 година
**Бр.11 год. 46**
**Р е с е н**

**Уредува Стручна служба тел. 047/551-903**

## АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен („Службен гласник на Општина Ресен„ бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Ресен за 2012 година

Се прогласува Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Ресен за 2012 година, што Советот на Општината Ресен го донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/1 | Градоначалник
28.12.2011 год. | на Општина Ресен
Р е с е н | Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 59 став 4 од Законот за градење ( „Службен Весник на Р.М.“ бр.59/11), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ( „Службен Весник на Р.М.“ бр. 38/11) и врз основа на член 16 точка 1 од Статутот на Општина Ресен ( „Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 07/10, Советот на Општина Ресен на својата седница одржана на ден 27.12. 2011 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**

**За определување на обемот на уредувањето и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, се определува надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето.

## II. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 2

Уредувањето на градежното земјиште во градежниот реон опфаќа:

1. Подготвување и расчистување на градежното земјиште, и

2. Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации

### Член 3

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

-  Изготвување урбанистички планови со инфраструктура

-  Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати

-  Изработка на елаборати за експропријација

-  Регулирање на имотно-правните односи со сопствениците на имотот

Отстранување,преместување на постојаните комунални објекти, инсталации што сметаат при градбата и користењето

- Преселување на станарите и покуќнината

- Рушење на објектите и пренесување на шутот од урнатите работи до кота на самониклива почва

- Основни гоемеханички испитување на теренот

- Асанациони работи(израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од депонии земја и растенија и други асанациони зафати)

- Програмирање на уредувањето

**Член 4**

Под поимот израмнување на земјиштето како дел од асанационите работи се сметаат: израмнување на теренот во рамките на општата нивелата- нагибот на теренот со израмнување на сите нерамнини кои излегуваат надвор од тие рамки, односно до кота на природната конфигурација на теренот, а не доведување на земјиштето во хоризонтална положба. За објекти кои се градат во постојниот дел на градежниот реон на свои земјишта не се врши расчистување на теренот.

**Член 5**

Под поимот одводнување на земјиштето како дел од асанационите работи се сметаат: зафаќање и одводнување на површинските води од населбите, но не и од самата локација.

## III. СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 6**

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќаат две групи:

- Опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации содржани во генералните урбанистички планови и плановите за вон населени места- од заедничко користење

- Опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти и инсталации опфатени со деталните урбанистички планови – од индивидуално користење на објектот.

**Член 7**

Опремувањето на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации опфаќа:

- основни сообраќајници( магистрални и примарни)
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и други водоснабдителни објекти ;
- колектори за одвод на фекална и атмосферска вода
- пречистителни станици

Средства за проектирање и изградба на објектите од овој член се обезбедуваат од надоместокот за употреба на градежното земјиште, стопанските субјекти, самопридонеси, средства од Републички Буџет и други извори на средства.

**Член 8**

Степенот на уреденост на градежното земјиште со секундарни инфраструктурни објекти се определува на основа обемот на опременост на земјиштето со објекти и инсталации кои се потребни за задоволување на заедничката и индивидуалната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште од став 1 од овој член може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**Член 9**

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат( улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови

- подземна електрична мрежа;
- улично осветлување
- водоводна мрежа
- фекална канализација и
- атмосферска канализација

**Член 10**

Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од Член 9 како и:

- ПТТ( оптичка-телекомуникациона) мрежа ;
- топлификациона мрежа;
- паркинг простори;
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за опадни води

**Член 11**

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
- сопствено водоснабдување( нема приклучок за водоводна мрежа);
- септичка јама( нема приклучок на фекална канализација);
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација);
- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардан електрична мрежа

**Член 12**

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно член 9, 10 и член 11 на овој Правилник.

**Член 13**

Партерното уредување на локацијата според изготвениот проект( пристапите на објектот од улицата до влезовите на објектот, осветлувањето сврзано со објектот како и приклучоците на објектот од проклучните места на секундарната мрежа преку хидротехничките услови, енергетската согласност) затоа што истите се составен дел на инсталациите на обејктот и остануваат сопственост на инвеститорот , паѓаат на негов товар.

Претходно изградените инсталации доколку остануваат под објектот, нивната заштита паѓа на товар на инвеститорот, односно корисникот на локацијата.

## IV. УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ

## НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 14**

Просечниот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1м2 изградена корисна површина на објект во градежниот реон се утврдува во зависност од висината на градежната цена по 1м2 станбен односно деловен простор, намена на објектот( станбен- деловен), локалитет на кој се гради објектот (зона) и вид на објектот (колективна или индивидуална станбена зграда).

Појдовна големина во пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со програмата за уредување на градежното земјиште( во натамошниот текст програма), а на истата во текот на годината ќе се врши индексација според движењето на цените на индустриските производи и порастот на платите на Републиката што ги објавува Републичкиот Завод за статистика, при што за месеците за кои не е објавен ќе се применува како претпоставен последниот објавен индекс во однос на претходниот месец.

Индексацијаа во смисла на претходниот став на овој член ќе ја пресметува субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

## Член 15

При пресметување на приходите, во програмата ќе се зема просечниот износ на надоместокот за уредување на градежното земјиште помножен со нето изградена површина согласно утврдените стандарди, при што односот нето површина ќе претставува 80% од бруто површината на објектите што ќе се градат.

## Член 16

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од уреденоста на градежното земјиште, се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основвниот проект, помножена со следните коефициенти:

| **1. СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **Коеф.** |
|---|---|
| - станбени простории | 1,0 |
| - станбени простории во потпокрив со висина до 2,50 со надзидок до 1,5м | 0,2 |
| - станбени простории во потпокрив со висина до 2,50 и надзидок поголем од 1,5м – max. до 2,0м | 0,5 |
| - станбени простории во сутерен вкопани од 20см. до 100см. | 0,5 |
| - галерии со висина помала од 2,5м | 0,8 |
| - лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - балкони, тераси | 0,2 |
| - заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - трафостаници од 35 КВ во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - трафостаници од 20(10) КВ во објектот и надвор од објектот | 0,2 |
| - складишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - отворени базени во дворно место | 0,2 |
| - паркиралишта и гаражи | 0,1 |

| **2. ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **Коеф.** |
|---|---|
| - простории | 1,0 |
| - простории во потпокрив со висина до 2,50 со надзидок до 1,5м | 0,6 |
| - простории во потпокрив со висина до 2,50 и надзидок поголем од 1,5м – max. до 2,0м | 0,8 |
| - магацини | 0,5 |
| - деловни простории во сутерен вкопани од 20см до 100 см. | 0,8 |
| - деловни простории во визба вкопани повеќе од 1,0 м | 0,5 |
| - галерии со помала висина од 2,5м | 0,8 |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - трафостаници од 35 КВ во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - трафостаници од 20(10) КВ во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - складишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - балкони, тераси | 0,4 |
| - отворен наткриен простор | 0,3 |

| **3. ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **Коеф.** |
|---|---|
| - катни гаражи | 0,2 |
| - спортски покриени простори | 0,5 |
| - спортски откриени објекти | 0,3 |
| - гасни станици и базни станици- за 50% од површината на локацијата | 1,0 |
| - отворени пазаришта – за 30% од површината на локацијата | 1,0 |
| - базени | 0,2 |
| - трафостаници над 35КВ | 1,0 |

| **4. ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **Коеф.** |
|---|---|
| - Г1 тешка и загадувачка индустрија | 0,05 |
| - Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 0,05 |
| - Г3 сервиси | 0,05 |
| - Г4 стоваришта | 0,05 |

Коефициентот се рачуна од површината на градежната парцела.

| **5. БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И НЕЈЗИНИТЕ ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ (ПРОДАВНИЦИ, КАФЕТЕРИИ И РЕСТОРАНИ, АВТО САЛОНИ, ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ)** | **Коеф.** |
|---|---|
| - продажни простории на бензиски пумпни станици | 1 |
| - услужни простории на бензиски пумпни станици | 1 |

| **6. ОБЈЕКТИ ОД ГРУПА КЛАСИ НА НАМЕНИ Б5 И ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ А4** | **Коеф.** |
|---|---|
| - угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта | 0,05 |
| - хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом | 0,05 |

Коефициентот се рачуна од површината на градежната парцела

| **7. СИЛОСИ И ЦИСТЕРНИ** | **Коеф.** |
|---|---|
| | 0,5 |

Коефициентот се рачуна од запремнината на истите што ќе биде рачунато како површина односно м2.

По исклучок на став 1 од овој член , во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- ѕидовите и другите конструктивни елементи,
- инсталационите канали,
- окната за лифтови,
- окна на врати
- отворени паркиралишта

Дефинирањето на поедини нивоа во објектот во смисла на овој правилник без оглед за која намена се користи според Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти.

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициен 0,2 се применува само за последното ниво сметани оддолу нагоре.

## V. ОПШТИ УСЛОВИ НА УТВРДУВАЊЕТО

### Член 17

При изградба на нови објекти, за кои претходно треба да се порушат стари објекти, од квадратурата која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште, се одбива 50% од квадратурата на постојниот објект, со што минималното учество во надоместокот за уредување, не може да биде помало од 50% од износот утврден со програмата.

Во случај кога новиот објект зафаќа површина помалку од 50% од стариот објект се одбива 50% од квадратурата што ја зафаќа новиот објект, а остатокот по порушувањето на стариот објект.

Потпокривните простории кои се со висина од 4,5м од кота на последниот кат до кота на слеме, се наплаќа 0,1 од соодветната зона.

За настрешници, летни бавќи и други слични објекти се пресметуваат по коефициент 0,4 од цената утврдена во соодветната зона.

Магацински објекти и простори од кои се врши продажба, услуги и се обавуваат дејности, се пресметуваат со коефициент 1 од цената на соодветната зона

Магацински објекти и простори за репроматеријали за сопствено производтсво се пресметуваат со коефициент 0,4 од цената во соодветната зона

Магацински објекти и простори за чување на готови материјали, производи и слично, се пресметуваат со коефициент 1 од цената на соодветната зона

За реконструкција на сите видови на објекти не се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште.

**Член 18**

Градителите на комунални објекти и инсталации: улуци, канализација, водовод, електомрежа, ПТ мрежа, кабловска мрежа, како и други видови објекти и инсталации ќе плаќаат надоместок процентуално во висина на вредноста на предмерот и пресметката од проектот и тоа:

До 100.000 ден ................................................................. 1%

Од 100.000 до 500.000 ден............................................... 0,6% но не помалку од 1000 ден

Од 500.000 до 1.000.000 ден........................................... 0,5% но не помалку од 3000 ден

Од 1.000.000 до 5.000.000 ден....................................... 0,3% но не помалку од 5000 ден

Над 5.000.000 ден ......................................................... 0,2 %

Висината на надоместокот на градежните работи да се определува со превземање на цените од тендерската документација.

Доколку локалната самоуправа нема утврдени цени за определена градежна работа, истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

**Член 19**

За доградба и надградба се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште согласно коефициентите предвидени во член 16, а во зависност од м2, корисни површини кои се проектирани за доградба и надгадба

**Член 20**

За пренамена на објектите(станбени и помошни) во деловни се наплатува еднократен надомест за уредување на градежното земјиште во висина што претставува разлика од претходно наплатениот надомест до полниот износ што треба да се плати за намената што ќе ја добие објектот или дел од објектот, а средствата се неповратни.

Надоместокот за пренамена од деловен во станбен простор не се наплатува.

**Член 21**

Не се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште при обнова на објекти кои се порушени од пожари, поплави и снегови и тоа само за градба што одговара на првобитната состојба.

**Член 22**

Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште врз основа на стекната сопственост и останата документација од надлежен орган(решение за локациски услови, основен проект) се утврдуваат со договор помеѓу сопственикот на земјиштето и субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

**Член 23**

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација и се здобијат со нова станбена или деловна површина должни се да платат соодветна разлика утврдена со анекс договор за уредување на градежното земјиште за ново изградената површина помножена со надоместокот во моментот на плаќањето по претходно добиена уредна документација од страна на надлежниот орган.

### Член 24

За објектите чии габарит е содржан во урбанистичкиот план , а е изграден без уредна документација, ќе се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште утврден во програмата во моментот на уплата, а по претходно добиена уредна градежна документација од надлежниот орган.

### Член 25

Доколку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретна локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, недоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци за уредување на локацијата и соодветниот дел од поширокатa локација што ќе се регулира со анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

### Член 26

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се измирени обврските за надоместокот за уредување на граденото земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

## VI. НАДОМЕСТОК ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО СЕЛО И ВОН НАСЕЛЕНИ МЕСТА

### Член 27

Инвеститорите на станбени објекти, јавни, деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи и слично кои се градат во селските подрачја на населените места во Општина Ресен , ќе плаќаат надоместок за уредувањето на градежното земјиште во висина од 20% од надоместокот од најниската цена што се плаќа во зоните на градот, во зависност од видот на објектот.

Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

## VII. НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА

### Член 28

Средствата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Ресен се здружуваат на сметка на Буџетот на Општина Ресен.

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите согласно овој Правилник.

### Член 29

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2012 година на подрачјето на Општината Ресен ги содржи следните населби во кои може да се уредува градежното земјиште во текот на годината:

В.1. Стамбена населба „Кумсал“ – 2 во УЕ – 3 Ресен;

В.2. Стамбена населба „Пролет“ во УЕ – 1 Ресен;

В.3. Стамбена населба „Починалиште“ во УЕ – 1 Ресен;

В.4. Урбанистичка единица – 2 Ресен;

В.5. Урбанистичка единица - 4 с. Јанковец;

В.6. Центар на градот Ресен УЕ – 5;

В.7. Населба с. Асамати;

В.8. Вилски населби: Претор, Сирхан, Асамати и Долно Дупени и

В.9. Туристички локалитети: Царина, Отешево, Коњско, Сирхан, Асамати, Крани - туристички дел, Претор, Долно Дупени и сите приобални локалитети надвор од населените места.

В.10. Објекти од член 16 точка 3; 4; 5; 6; 7

В.1. Станбена населба „Кумсал“ – 2 во УЕ – 3 Ресен

Единечна цена по 1 м2 нето градежна површина износува:

- за индивидуални станбени згради по 1.127,00 ден/м2
- за колективни станбени згради по 1.316,00 ден/м2
- за деловен простор и јавни објекти 2569 ден/м2
- за детска градинка по 1.064,00 ден/м2

В.2. Станбена населба „Пролет“ во УЕ – 1 Ресен

Единечна цена по 1 м2 нето градежна површина износува:

- за индивидуална станбена зграда по 876,00 ден/м2
- комбинирана детска установа по 876,00 ден/м2
- за деловен простор и јавни објекти по 2.380,00 ден/м2

В.3. Станбена населба „Починалиште“ во УЕ – 1 Ресен

Единечна цена по 1 м2 нето градежна површина износува:

- за индивидуални станбени згради по 876,00 ден/м2
- за локал.центар делов.прост. по 2.380,00ден/м2
- за детска градинка по 876,00 ден/м2
- за јавни објекти по 1.300,00 ден/м2

В.4. Урбанистичка Единица – 2 Ресен

Единечна цена по 1 м2 нето градежна површина износува:

- за индивидуални станбени згради по 1.127,00 ден/м2

- за колективни станбени згради по 1.064,00 ден/м2
- за деловни простории по 2.380,00 ден/м2
- јавни објекти 2380.оо ден/м2

В.5. Урбанистичка Единица - 4 с. Јанковец

Единечна цена по 1 м2 нето градежна површина изнесува:

- за индивидуални станбени згради по 751,00 ден/м2
- за комб.дет.установа по 751,00 ден/м2
- за центар за станбени единици 751,00 ден/м2
- за деловен простор и јавни објекти 2129,оо ден/м2

В.6. Центар на градот Ресен УЕ – 5

Единечна цена по 1 м2 нето градежна површина изнесува:

- за индивидуални станбени згради по 1.127,00 ден/м2
- за колективни станбени згради по 1.316,00 ден/м2
- за деловен простор по 2.569,00 ден/м2
- за јавни објекти по 2.569,00 ден/м2

В.7. Населба с. Асамати

- за индивидуални станбени згради по 438,00 ден/м2
- за изградба на деловен простор по 773,00 ден/м2

В.8. Вилски населби: Претор, Сирхан, Асамати и Долно Дупени

Инвеститорите за уредување на градежно земјиште во вилските населби ќе плаќаат по 2.094,00 ден/м2 на нето изградена површина на објектот, врз основа на степенот на уреденост на градежното земјиште

В.9. Туристички локалитети: Царина, Отешево, Коњско, Сирхан, Асамати, Крани - туристички дел, Претор, Долно Дупени, Стење и сите приобални локалитети надвор од населените места, врз основа на степенот на уреденост на градежното земјиште.

Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во туристичките локалитети ќе изнесува 2.094,00 ден/м2 на нето изградена површина на објектот

В.10. За изградба на објекти од член 16 опфатени во точките 3; 4; 5; 6 и 7 од пресметаната површина предвидена во споменатите точки ќе се плаќа по 1678 ден/м2 врз основа на степенот на уреденост на градежното земјиште.

**Член 30**

Инвестиционите објекти каде како инвеститор се јавува Општина Ресен се ослободени од надомест за уредување на градежно земјиште.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 31**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за определување на обемот за уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средтсвата за уредување на земјиштето.

За спроведување на овој Правилник надлежен е Градоначалникот на Општина Ресен

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/4
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Р.Македонија за потрачјето на Општина Ресен за 2012 година

Се прогласува заклучокот по Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Р.Македонија за потрачјето на Општина Ресен за 2012 година, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/2
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште („Сл. Весник на РМ“ бр.17/2011 од 11.02.2011 и 53/2011 од 14.04.2011), Советот на Општина Ресен, на седницата одржана на ден 27.12.2011 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТЕВНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА 2012 ГОДИНА

## ВОВЕД:

## Општ дел

Во донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Сл. Весник на РМ“ бр.17/2011 и 53/2011), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежносто земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежносто земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изгрдаен објект од трен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежната парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење ( концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен закуп, разменува или да се востановат други стварни прва.

А) **Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмната е менаџирање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Ресен, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2012 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потербно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистилките плановои врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

**1. За индивидуално домување**
**2. Лесна индустрија**
**3. Комерцијални објекти**
**4. Хотелски комплекси**

## Б) Основи за изработка на Програмата

- **Законски основ**

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и Закон за градежно земјиште ("Сл. весник на РМ" бр.17/2011 од 11.02.2011 и 53/2011 од 14.04.2011).

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

□ **Стратегија за локален економски развој** на Општина Ресен за плански период од 2007 до 2012 год.

□ **Локален акциски план за вработување** на Општина Ресен за плански период од 2010 год.

□ **Генерален урбанистички план** на Град Ресен за плански период од 2000 год. До 2011 год .

□ **Урбанистички планови за населените места**

□ **Урбанистички план** вон населено место на м.в „Макази" во КО Козјак, Општина Ресен, плански период 2010-2020 год, со одлука бр. 07-2127/3 од 01.10.2010 год.

□ **Урбанистички план** вон населено место за изградба на Финско село на м.в „Маркова Нога" КО Долно Дупени, Општина Ресен, плански период 2008-2018 год, со одлука бр.07-277/9 од 15.02.2011 год.

□ **Програма** за изработка на урбанистички планови во 2012 година за Општина Ресен

## В) Лица вклучени во изработка на Програмата

1. Ајман Алмалла дипл.град.инг. Раководител на Сектор за Урбанизам
2. Дијана Кремшовска дипл.правник Секретарна Општина Ресен
3. Мише Печенковски дипл.правник Раководител на Одделение

4. Билјана Нечовска Стојчевска дипл.арх.инг.-Советник во Секторот за Урбанизам
5. Јордан Царовски дипл.град.инг. Виш соработник во Секторот за Урбанизам

**ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:**

**1. Цели на програмата**

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење

**2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање** во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели

- **Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

Табела со следните информации:
Следуваат 3(три) табели на крајот од Програмата кои се составен дел на оваа Програма

**Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг простапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса

**3. Динамика на реализација на Програмата**

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласите за отуѓување на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во два турнуси и тоа во првиот и вториот квартал на 2012 год.
Во првиот квартал да се објават сите градежни парцели, предмет на Програмата, а во вториот квартал да се објават градежните парцели од Програмата кои нема да бидат отуѓени во третиот квартал.

- **Пропишување на условите и постапка за јавно надавање**

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско јавно наддавање на интернет страната (www.resen.gov.mk), со претходно дадена објава од

страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весници кои се издаваат на македонски јазикм, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и
- Службен весник на РМ

Висината на депозитот за учество во јавното наддавање изнесува 10% од вкупната почетна цена за јавно наддавање.
На денот на јавното наддавање учесниците се легитимираат со лични исправи (лична карта или патна исправа) и уредно полномошно за полномошниците.
Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник, а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.
Наддавањето се врши "чекорно" со зголемување на вредноста со секој "чекор" не помалку од 50,00 денари.
Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е 30 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.
Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање, во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.
Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за процент од 10%, одреден за трошоци на постапката, во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште, односно за едногодишна закупнина.

- **Лица надлежни за реализација на Програмата**

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кои задолжително треба да поседуваат овластување, а тоа се следните лица:

1. Дијана Кремшовска
2. Ајман Алмалла
3. Билјана Нечовска Стојчовска
4. Јоне Димовски
5. Митко Митревски

**4. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата**

**Приходи:**

1. Индивидуално домување

2. Лесна индустрија и мало стопанство

3. Комерцијални објекти

4. Хотелски комплекси

Се вкупно приходи: 6.874.300,00 де

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

**Расходи:**

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 10% - 678.400,00 ден
- Трошоци по основ на експропријација - 300.000,00 ден
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште - 50.000,00 ден

Се вкупно: 1.028.400 ден

**7. Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на Општина Ресен
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Ресен
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службениот гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/5 | Претседател,
27.12.2011 год. | Мемет Мурати с.р
Р е с е н

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Планот на Програми за развој

Се прогласува Планот на Програми за развој, што Советот на Општината Ресен го донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/3
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

**П Л А Н Н А П Р О Г Р А М И З А Р А З В О Ј**

Согласно степенот на реализација на одредени инвестициони активности предвидени во Планот на Програми за развој за периодот 2011-2013 и насоките на општината за преземање на активности од развоен карактер, согласно Стратегијата за развој на општина Ресен, во наредниот тригодишен период 2012-2014 година, општина Ресен ќе се фокусира на следните предложени активности од развоен карактер, кои ќе се реализираат преку соодветни Програми.

Целлта на ваквото програмирање е создавање на предуслови за задоволување на потребите на граѓаните, подобрување на квалитетот на живот и заштита на животната средина

Тригодишниот Планот на програми за развој за 2012-2014 година ќе се состои од капитални инвестиции во областите: изградба на објекти, водоснабдување, канализација, изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици и чистење на речните корита.

Планот на програмите за развој на општина Ресен програмиран за 2012-2014 содржи временска рамка за реализација на капиталните инвестиции, финансиска конструкција, извори на финансирање и контрола над примена на планот.

За еден дел од програмираните капитални инвестиции постои техничка документација, која треба да се комплетира.

Капиталните инвестиции се по следните области:

1. Изградба на објекти
2. Водоснабдување
3. Канализација
4. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици и
5. Чистење на речните корита

**Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на објекти планирани се следните активности:**

1. **Изградба на „Стопански Комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи, м.в. Макази“** КО Козјак - Ресен.

Градежните работи, според планираното, треба да опфатат: магацин за складирање, комори за одржување, место за калибрирање и амбалажирање, како и сите потребни инфраструктурни објекти (водовод, канализација, патишта)

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Владата на РМ и странски инвеститори.

Временска рамка 2012-2013 година

2. **Изградба на Комплексот „Финско Село“ м.в. Маркова Нога**

КО Долно Дупени - Ресен.

Градежните работи опфаќаат: комерцијални и деловни објекти, хотелски комплекс, викенд куќи и целосна инфраструктура.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од странски инвеститори.

Временска рамка 2012-2013 година

3. **Изградба на зграда за социјални станови**

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Владата на РМ.

Целта на оваа капитална инвестиција е подобрување на условите за живот на одредена група на жители од општината.

Временска рамка за изведување на активностите 2012-2013 година

4. **Изградба на мали хидрелектрани**

Инвестицијата за изградба на мали хидроелектрани ќе се изврши на Крањска и Брајчинска Река во Општина Ресен. Втората хидроелектрана на Крањска Река ќе се изведе во 2012 година,а на Брајчинска Река 2 во тек на 2012 - 2013 година.

Вкупните потребни средства за изведба на двете хидроелектрани изнесува 180.000.000 денари.

Потребните средства за инвестицијата се обезбедени од правни субјекти.

Носител на работите на инвестицијата е „Мали хидроелектрани ДОО - Скопје“ , како и ПЦЦ ХИДРО Дооел – Скопје .

Временска рамка на изведување на активностите 2012-2013 година

**Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на системи за водоснабдување планирано е следното:**

1. **Коњско** - доизградба на водоводниот систем

Потребни финансиски средства 4.000.000 денари

Средствата ќе се обезбедат од Републичкиот Буџет и Буџетон на Општина Ресен

Целта на оваа активност е подобрување на условите за живот на граѓаните

А како активности кои треба да се изведат во текот на 2012 година влегуваат: изведба на цевовод од населбата до резервоарот, пумпна станица и изградба на резервоар.

2. **Долно Дупени** - зафаќање на дополнителни количини на исправна вода за пиење и изградба на филтер станица

Вкупно потребни средства 4.000.000 денари

Средствата се планира да се обезбедат од Републичкиот Буџет и донации

Целта на активноста е обезбедување на дополнителни и прочистени количини на вода за пиење.

Во текот на 2012 година ќе се изведи: цевовод во должина од 4000 м, изведба на каптажа и изведба на филтер станица.

3. **Сливница** - изградба на нов водоводен систем

Вкупно потребни средства 17.787.803 денари

Предвидено финансирање: од Буџерот на Република Македонија и донации

Целта на оваа активност е изведба на нов систем за водоснабдување во селската населба и задоволување на потребите на луѓето со исправна вода за пиење, како во квалитет така и во квантитет.

Временска рамка на изведување на активностите: 2012-2013 година

Со горенаведените активности кои ќе се реализираат во населените места, а кои не се приклучени на регионалниот водовод, преку подобрување на квалитетот и квантитетот на водата за пиење ќе

се создадат предуслови за подобрување на квалитетот на живеење директно на населението од селските населби и индиректно ќе се создадат предуслови за развој на алтернативниот туризам согласно првиот приоритет од Стратегијата.

4. **Реконструкција на водоводната мрежа** во градот Ресен

Потребни средства за реализација 39.000.000 денари

Извори на финансирање Буџет на Република Македонија

Целта на активноста е подобрување на квалитетот на водата за пиење.

Временски перид за реализација 2012-2013.

Активностите поврзани со реконструкцијата во периодот за реализација треба да опфатат: изработка на техничка документација врз основа на реална Студија за можностите за реконструкција на истата, и во зависност од Студијата да се продолжи по приоритети на изведување

**Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на фекална канализација планирано е следното:**

1. **Стење** - Изведба на фекална канализација

Потребни средства за изведување на инвестицијата 11.854.772 денари

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ресен, од Влада на Република Македонија и од донации

Со инвестицијата ќе се зафатат отпадните води од селската населба и истите да се канализираат до местото предвидено за изградба на пречистителна станица.

Временската рамка на изведување 2012-2013 година

2. **Љубојно** – доизградба на фекална канализација

Вкупно потребни средства 12.577.589 денари

Средствата се планира да се обезбедат од Влада на Република Македонија. Целта на инвестицијата е зафаќање на отпадните фекални води од населеното место, нивно собирање во колектор и носење до пречистителна станица.

Временска рамка за изведување на активностите: 2012-2013 година

3. **Долна Бела Црква** – изградба на фекална канализација

Потребни средства за изведување на инвестицијата 7.623.314 денари

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ресен, од Влада на Република Македонија и од донации

Целта на инвестицијата е зафаќање на отпадните фекални води од населеното место

Временска рамка за изведување на активностите: 2012-2013година

4. **Козјак** – изградба на фекална канализација

Потребни средства за изведување на инвестицијата 5.949. 418 денари

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ресен, од Влада на Република Македонија и од донации

Целта на инвестицијата е сепарационо зафаќање на отпадните фекални води.

Временска рамка за изведување на активностите: 2011-2012 година

5.**Дрмени –** изградба на фекална канализација

Потребни средства за изведување на инвестиција 15.255.784 денари

Средствата ке се обезбедат од Буџетот на Општина Ресен, од Влада на Република Македонија и од донации

Целта на инвестицијата е сепарационо зафаќање на отпадните фекални води.

Временска рамка за изведување на активностите: 2012-2013 година

**6.Подмочани** и **Грнчари –** изградба на фекална канализација

Потребни средтсва за изведување на инвестицијата 15.000.000 денари

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија

Целта на инвестицијата е сепарационо зафаќање на отпаднитефекални води

Временска рамака за изведување на активностите: 2012-2013 година

Со реализирање на горенаведените активности ќе се заштити и унапреди животната средина, природата и подобрување на екосистемите во предложените селски населби кои се директни корисници од реализирањето на инвестициите, така и во целата општина индирекно. Овие активности преку правилното управување со фекалните води ќе води кон создавање на предуслови за подобрување на квалитетот на животот на населението и исполнување на двата приоритети од Стратегијата - заштита на животната средина и развој на туризмот.

**Во рамките на капиталните инвестиции за изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици планирано е следното:**

1. Реконструкција и рехабилитација на локалните патишта: Стење, Долна Бела Црква и Ресен- Болно-Евла.

Финансиска конструкција: 25.958.125 денари

Финансирањето ќе се обезбеди од Светска Банка

Временска рамка на изведување на активностите: 2012-2013 година.

Реконструкција и рехабилитација на останатите локалните патишта, согласно Одлуката за определување на приоритети за изградба на локални патишта ќе се реализира во 2012 година со обезбедени финансиски средства од Европска Банка за обнова и развој во висина од 26.470.338 денари.

2. Префрлените средстава од Агенцијата за државни патишта во висина од 6.051.885 ќе се користат за зимско одржување, тековно одржување и рехабилитација на локалните патишта и улици. Овие активности ќе се реализираат во текот на 2012 година.

Целта на горенаведените активности е подобрување на инфраструктурата а во функција на подобрување на условите за транспорт на стока и патници како и создавање на услови за привлекување на туристи, согласно двата приоритети од Стратегијата.

**Во рамките на капиталните инвестиции за заштита на животна средина – чистење на речни корита**

1. Чистење на речните корита

Потребни средства за реализирање на активностите 3.000.000 денари

Извори на финансирање Буџет на Општина Ресен, странски донатори и Влада на Република Македонија.

Овие активности се однесуваат на чистење на речнито корито на Голема Река.

Временски период за имплементација 2012 година.

Со имплементација на активноста ќе се заштити и унапреди животната средина и природата, истите ќе придонесат за минимизирање на деградацијата и на штетите од евентуалните поплави.

Имплементацијата на активностите од Планот на Програмите за развој ќе биде под контрола на надлежниот орган на Општината Ресен.

Динамика на изведување на активностите ќе биде согласно динамиката на обезбедувањето на потребните финансиски средства како од Буџетот на општината така и од соодветните министерства, Амбасади и донации.

Предложениот План на Програми за развој ќе подлежи на годишна ревизија, согласно степенот на реализација на пооделните инвестициони активности.

Бр.07-2994/6
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Ресен за 2012-2013 година

Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Ресен за 2012-2013 година, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/4
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

**П Р О Г Р А М А**

**За изградба, реконструкција, одржување и Заштита на локалните патишта и улици во Општина Ресен за 2012-2013година**

Со оваа Програма се утврдуваат средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територија на Општина Ресен и другите активности во 2012-2013 година, нивниот распоред и начинот на користењето.

Должината на локалната патна мрежа во Општината Ресен изнесува

а. Патишта-асфалтирани 88 км,

б. Танпонирани 8 км,

в. Со земјен коловоз 35 км

Должината на уличната мрежа во Општина Ресен изнесува:

а. Улици-асфалтирани 401 км,

б. Тампонирани улици 7 км.

в. Со земјен коловоз 4,5 км.

Средствата за изградба, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во 2012-2013 година се утврдуваат на износ од 32.522.223,оо денари и ке се остваруваат од следните извори:

-Врз основа на Одлуката за критериумите за финансирање на изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Ресен за 2012-2013 година планира финансиски средства во износ од:

А. Агенцијата за државни патишта-Скопје, .........4.143.885,оо денари, пренесени приходи од 2011 во 2012 година..........1.908.000,оо денари

Б. Средства од Светска банка во износ од 424.938 еура или ......................................................................... 25.958.125,оо денари.

В. Средства од Европска банка за обнова и развој во износ од 430.412 еура или ............................................................26.470.338,оо денари.

**Вкупно приходи: ............................. 58.480.349,оо денари**

Планираните средства во износ од 6.051.885,оо денари ќе се користат за следните намени:

1.За одржување на патишта ½ или............................3.025.942,оо денари

од кои:

1.1.За зимско одежување на локалните патишта и улици (30%)........................................1.008.647,оо денари

1.2.За редовно и инвестиционо одржување на локалните патишта и улици (70%)........................................2.017.295,оо денари и тоа за:

- крпење на ударни дупки (состојбата на улиците со ударни дупки дадена е во прегледот како прилог на оваа Програма);

-поставување на сообраќајни знаци;

-реконструкција на трупот на патот;

-реконструкција на коловозни ленти;

-уредување на тротоари и банкини;

-санирање на оштетени стопи и мостови;

-тампонирање на улици и тротоари.

2.За изградба на патишта и улици ½ или 3.025.943,оо денари

2.1Изградба на пристапни улици и улици каде што е изградена водоводна и канализациона мрежа:

-ул. ,,2,, во должина од 100м;

-ул. ,,3,, во должина од 300м;

-ул. ,,7,, во должина од 350м;

-ул. ,,8,, во должина од 70м;

-ул. ,,9,, во должина од 100м;

-ул. ,,10,, во должина од 50м;

-ул. ,,Бигла,, во должина од 100м;

-ул. ,,11-ти Септември,, во должина од 250 м;

-ул. ,,Борис Кидриќ,, во должина од 250 м;

-ул. ,,Крсте Мисирков,, во должина од 200 м.

-ул. ,,Михаило Бочкаровски,, во должина од 700 м,

-ул. ,,Нијази Бег,, во должина од 150 м,

-ул. ,,Мите Трајчевски,, во должина од 250 м.

Средствата во износ од 26.470.338,оо денари што се добиени од Европска банка за обнова и развој се наменети за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта на подрачјето на Општина Ресен по определени приоритети, а за чија реализација е утврден следниот распоред:

Во текот на 2012 – 2013 година се планира да се реконструираат и рехабилитираат:

1. Локалниот пат Крани-Арвати во должина од 1.600м;

2. Локалниот пат Грнчари во должина од 500 м;

3. Локалниот пат Подмочани во должина од 800 м;

4. Локалниот пат Лавци во должина од 700 м;

5. Локалниот пат Горна Бела Црква во должина од 900 м;

6. Локалниот пат Стење во должина од 300 м.

7. Локалниот пат Лева Река во должина од300 м.

Средствата во износ од 25.958.125,оо денари што се добиени од Светска банка се наменети за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта на подрачјето на Општина Ресен, со Одлука на Советот на општина Ресен бр. 07-969/6 од 15.04.2008 година го определи приоритетот и тоа:

8. Локалниот пат Стење во должина од 1.175 м;

9. Локалниот пат Долна Бела Црква 1.558 м;

10. Локалниот пат Ресен-Болно-Евла во должина од 700 м,

А во текот на 2012 – 2013 година ќе се реконструираат следните патишта:

11. Локалниот пат Јанковец во должина од 1.400 м.

12. Локалниот пат Долно Дупени-Љубојно и регионалчен пат до Долно Дупени во должина од 800 м.

13. Локалниот пат Брајчино во должина од 600 м,

14. Локалниот пат Љубојно во должина од 500 м,

15. Локалниот пат Штрбово во должина од 500 м,

16. Локалниот пат Курбиново во должина од 600 м,

17. Локалниот пат Златари во должина од 700 м.

18. Локалниот пат Крушје во должина од 600 м,

19. Локалниот пат Рајца во должина од 200 м,

20. Локалниот пат Горно Дупени во должина од 300 м,

21. Локалниот пат Перово во должина од 1.000 м.

За извршување на Програмата ќе се грижи надлежниот орган на општина Ресен, а работите од Програмата ќе се одвиваат по динамика како што ќе пристигнуваат средствата во буџетот на Општината Ресен и од Агенцијата за државни патишта на РМ, според Годишните програми за патишта.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/7
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за уредување на градежното земјиште и заштитата на животната средина на просторот на Општина Ресен во 2012 година.

Се прогласува Програмата за уредување на градежното земјиште и заштитата на животната средина на просторот на Општина Ресен во 2012 година, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/5
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 2; 3; 4; 83; 84; 85; 86; 87 од Законот за градежно земјиште ( „Службен Весник на Р.М.“ бр. 17/11 ) а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ( „Службен Весник на Р.М.“ бр. 38/11) , член 22 став 1 точка 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен Весник на Р.М.“ бр. 5/02) и член 16 точка 1 од Статутот на Општина Ресен ( „Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 07/10),

Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 27.12. 2011 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН ВО 2012 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со оваа програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување

II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште

III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти од основната и секундарната инфраструктура

IV. Изворите на финансирање на Програмата

V. Средста наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти

VI. Динамика на извршување на Програмата

VII. Преодни и завршни одредби

## I. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета изградeното и неизграденото земјиште на просторот на Општина Ресен, прогласен како градежен реон.

## II. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

II- 1. Подготвителни работи

II- 2. Расчистување на градежното земјиште

II- 1. ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ
Под подготвителни работи се подразбира:
· оформување на геодетска документација
- извршување на основни гео-механички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II- 2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ
Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.
Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

· решавање на имотно-правните односи
· решавање на станбените прашања на стопанствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите кои се уриваатуривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на стопанствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривање на депо.

**III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична , ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.
Опремувањето на градежното земјипте може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.
Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.
Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**III-1 Основен степен на уреденост претставува опременост со:**
· изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
· изградба на електрична мрежа;

- изградба на водоводна мрежа и
- изградба на фекална канализација.

**III-2 Дополнителна опременост на земјиштето:**

- изградба на ПТТ мрежа;
- изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини( јавно зеленило, детски игралишта,, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;
- изградба на атмосферска канализација и
- изградба на јавно осветлување.

Секој вид на објектите од III-1 и III-2 претставува еден степен на уреденост на градежното земјипте, па доколку земјиштето е опремено со повеќе објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со повисок степен на опременост. И обратно ако земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со понизок степен на опременост.

**III-3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:**

а) Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

- основни сообраќајници( примарни и секундарни);
- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- магистрални и примарни одводи на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;
- градски плоштади и јавни прометни површини( улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);
- изградба на јавно осветлување и
- изградба на јавно зеленило.

Овие елементи претставуваат претходни вложувања за опремувањето на градежното земјиште и учествуваат со 20% од надоместокот за уредувањето на градежното земјиште, а одржувањето на објектите на инфраструктурата на уредено градежно земјиште го вршат субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата согласно со закон, член 87 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр. 38/2011).

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;

- изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;
- изградба на секундарни ТТ – мрежи до приклучен орман.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Ресен, со една приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела соглсно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физичко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства.

**III-4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела**

- Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и патерно уредување го врши корисникот на земјиштето (инвеститорот).
- Проектирањето и изгадбата на инфраструктураната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од „ Електростопанство- ЕВН“.
- Доколку изградените обејкти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.
- Трошоците за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат во изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

## IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

## ПРИХОДИ

| Ред. Бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Средства од продажба на градежно земјиште | 9.000.000 |
| 2. | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти | 6.000.000 |
| 3. | Надоместок од комунална дејност - јавна чистота | 2.365.200 |
| 4 | Средства од надоместок за користење на јавно прометни површини | 1.400.000 |
| 5. | Средства од надоместок за користење такси станици | 120.000 |
| 6. | Средства од надоместок за користење на рекламни паноа | 200.000 |
| 7. | Приходи од јавно осветлување | 12.340.000 |
| 8. | Средства од легализација на бесправно изградени објекти | 12.000.000 |
| 9. | Селски водоводи – Буџет на Општина Ресен | 250.000 |
| 10. | Речни корита – Буџет на Општина Ресен | 200.000 |
| 11. | Заштита на животна средина – Буџет на општина Ресен | 350.000 |
| | **Вкупно од Буџет на Општина Ресен** | **44.225.200** |
| 12. | Средства за:селски водоводи – Буџет на РМ | 2.200.000 |
| 13. | Средства за чистење речни корита – Буџет на РМ | 2.800.000 |
| 14. | Средства за изградба на канализација – Буџет на РМ | 8.200.000 |
| 15. | Средства за заштита на животна средина – Буџет на РМ | 350.000 |
| | **Вкупно средства од Буџет на РМ** | **13.550.000** |
| 16. | Средства за изградба селски водоводи - Донација | 2.115.000 |
| 17. | Средства за изградба канализација - Донација | 4.000.000 |
| 18. | Средства за заштита на животна средина - Донација | 2.325.000 |
| | **Вкупно средства од донации:** | **8.440.000** |
| 19. | Средства за регионален водовод – Светска Банка | 37.770.000 |
| 20. | Средства за локални патишта – ЕБОР | 25.958.000 |
| | **Вкупно средства од Светска Банка и ЕБОР:** | **63.728.000** |
| 21. | Средства од Агенција за државни патишта | 6.051.800 |
| 22. | Средства од Агенција за рурален економски развој (во земјоделие) | 1.840.000 |

**ВКУПНО: 137.835.00**

# РАСХОДИ

| | | |
|---|---|---|
| **Ф** | **Урбано планирање** | **10.917.400** |
| **Ф10** | **Урбанистичко планирање** | **6.117.480** |
| **Ф20** | **Уредување на градежно земјиште** | **4.000.000** |
| 1. | Експропријација на градежно земјиште | 2.300.000 |
| 2. | Надзор на изведбата на градежни работи | 700.000 |
| 3. | Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи) | 700.000 |
| 4. | Геомеханички испитувања | 300.000 |
| **ФА0** | **Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** | **800.000** |
| 1. | Изработка на проектна документација за инфраструктура | 800.000 |
| **Ј.** | **Комунални дејности** | **109.154.088** |
| **Ј00** | **Одржување на урбана опрема** | **200.000** |
| 1. | Фарбање на столбчиња, парапети и канделабри | 100.000 |
| 2. | Одржување на разна урбана опрема | 100.000 |
| **ЈГ0** | **Изградба на системи за водоснабдување** | **43.335.000** |
| 1. | Селски населби по Програма | 5.565.000 |
| 2 | Реконструкција на регионален водовод | 37.770.000 |
| **ЈИ0** | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **15.200.000** |
| 1. | Изградба на фекална канализација во селски населби по Програма | 15.200.000 |
| **Ј30** | **Јавно осветлување** | **12.340.000** |
| 1. | Потрошена електрична енергија | 9.600.000 |
| 2. | Набавка на репроматеријали и работна рака | 1.000.000 |
| ГДО | Програма за енергетска ефикасност | 1.740.000 |
| **Ј40** | **Јавна чистота** | **2.677.123** |
| 1. | Одржување на јавна чистота по Програма | 2.677.123 |
| **ЈД0** | **Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици** | **32.009.800** |
| 1. | По програма | 6.051.800 |
| 2. | Со средства од ЕБОР | 25.958.000 |
| **ЈФ0** | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **392.165** |
| 1. | Хоризонтална и вертикална сигнализација | 392.165 |
| **Ј80** | **Чистење на речни корита по Програма** | **3.000.000** |
| **Р10** | **Заштита на животна средина по Програма** | **6.025.000** |
| **НАО** | **Капитални расходи образование** | **500.000** |
| **ВАО** | **Капитални расходи за детска заштита** | **300.000** |
| **Г** | **Локален економски развој**<br>**Рурален развој во земјоделие** | **5.000.000**<br>**1.840.000** |
| | **Останати програмски активниости** | **4.098.512** |

**Вкупно расходи: 137.835.000**

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедините елементи на дополнителното опремување на градежносто земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на генерални, детални урбанистички планови, урбанистичка документација, проектна документација и надзор | 7,00% |
| 2. | Изградба на улици<br>- пробивање ..........................................................................................<br>- изградба на горен слој .......................................................................<br>- изградба на долен слој ....................................................................... | <br>11,00%<br>26,25%<br>11,25% |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 9,00% |
| 4. | Изградба на водоводна мрежа | 10,00% |
| 5. | Изградба на улично осветлување | 5,50% |
| | Вкупно | 80,00% |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Советот на Општина Ресен може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објект во индустриска зона по предходно доставен бизнис план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

Општина Ресен при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште, ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финансирале во изработката на деталните урбанистички планови, само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено со тогашната програма.

При реконструкција со која не се добива нова стамбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува на следниот начин:

- За расчистување на градежните парцели за објекти од комунална инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на Општина Ресен, врз Основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, и согласно член 4 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за ж

·

· уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл. Весник на РМ бр. 38/11).

· За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 4 став 1 надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со оваа Програма.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во предходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување-целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарната инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се доуредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето – делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП, и не е изградена секундарната инфраструктура, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурни објекти со свои средства, должен е на општината да и надокнади за порано направените трошоци во висина од 20% (основна инфраструктура) од надоместокот за уредување на градежно земјиште, да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надоместок; односно инфраструктурната мрежа што ѓе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на општината без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок на уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и општина Ресен и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу општината и корисникот на замјиштето. За истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ дека во предходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за пресметување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на општината, а пред склушување писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура не се признаваат, освен за локалитети каде

биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови истите се вклопуваат.
За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградена инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надоместок, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежно земјиште.
Во поглед на одложеното плаќање, присилната наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште.

## V.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината или потенцијалните инвеститори ја финансираат изработката на ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место, ЛУПД и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти .

## VI.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Ресен.
2. Градоначалникот на Општина Ресен е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ од 5% да го информира Советот на Општина Ресен, а за поголемо прераспоредување на средства одлука мора да донесе Советот на Општина Ресен.

3. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/8
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на заклучокот по Програма за улично осветлување за 2012 година

Се прогласува заклучокот по Програма за улично осветлување за 2012 година, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/6
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010 ) Советот на Општината Ресен на седницата одржана на 27.12.2011 година, откако ја разгледа Програмата за улично осветлување за 2012 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за улично осветлување за 2012 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/9
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за поддршка на локалниот економски развој и поттикнување на развојот на туризмот на Општина Ресен за 2012 година

Се прогласува Програмата за поддршка на локалниот економски развој и поттикнување на развојот на туризмот на Општина Ресен за 2012 година, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/7
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

## Програмата за поддршка на локалниот економски развој и поттикнување на развојот на туризмот на Општина Ресен за 2012 година

### ВОВЕД

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредно учество на бизнис заедницата** и **граѓанското општество** ( граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заеднчка визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ке промовира развој на бизнис и ќе го зголеми вработувањето.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува

на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економски корист и подобрување на квалитетот на живото за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на прогарамата за ЛЕР на Општина Ресен, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметнување на ефектите од децентрализација како политички процес и јакнење на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Програмата за поддршка на локалниот економски развој** се подготвува пред се врз основа на **Стратегијата за одржлив локален економски развој** и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална самоуправа, Статутот на општината, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата во сите тематски областиво кои локалната самоуправа има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање од централно на локално ниво. Во рамките на тие активности подготвен е профилот на Општна Ресен, како и дефинирање на стратешките цели и приоритети, кои се усвоени од страна на Советот на Општина Ресен. Воедно, поготовката на програмата е согласно насоките на ЕУ и на Владата на Р.М. за користење на ИПА фондовите, што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовката на програми за работа и буџетско планирање.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за ЛЕР на Општина Ресен, вклучени се програмите за работа и буџетско планирање на сите Сектори и Одд еленија во Локалната Самоуправа на Општина Ресен, при што Секторот за урбанизам, комунални работи, ЛЕР и прекугранична соработка и заштита на животна средина, за буџетската 2012 година ја предвидува програмата - **Г1, Поддршка на локалниот економски развој и поттикнување на туризмот.**

## 1. Извори на финансирање на програмата

Програмата предвидува приходна ставка од:

- Буџетот на Општина Ресен за 2012 година и други извори на финансирање

**Вкупно предвиден буџет 5.000.000,00 денари**

## 2. Предлог – Програма за Поддршка на Локалниот Економски Развој на Општина Ресен за 2012 година

Општина Ресен преку Секторот за урбанизам, комунални работи, ЛЕР, прекугранична соработка и заштита на животна средина, согласно своите надлежности и задплженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за поддршка на ЛЕР за буџетска 2012 год.

### 2.1 Операционализација на стратегија за одржлив развој преку партиципативно учество на заедницата

2.1.1 финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласнио статегијата за развој со вклучување на МЗ, МСП, НВО модел на **јавен повик за финансирање на проекти одобласта на одржливиот локален економски развој** за 2012 година.

**Вкупно предвиден буџет 1.200.000,00 денари**

### 2.2 Поддршка на развојот на МСП и претприемништво

Малите и средните претпријатија претставуваат движачка сила на економскиот развој и поради тоа мора континирано да се работи на изнаоѓање стимолативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така треба да им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Ресен во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалување на невработеноста во Општина Ресен.
Предвидените активности за поддршка се во согласност со националната развојна политика за претприемништво и националната стратегија за развоја на МСП во смисла на создавање на глобална рамка за развој на полна деловна клима, стратегија за Локален Економски Развој на Општина Ресен.

Поддршка на развојот на МСП и претприемништво е планирано да се реализира преку следниве активности:

**Модели на соработка со МСП**

2.2.1 Заедничка промоција и маркетинг ( заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанство ). Настапот на саеми надвор од Општината како и организација на општински саеми би се реализирале по пат на меѓусебно партнерство во реализација на проектот.

2.2.2 Обуки за подигнување на вештини и знаење ( организирање на обуки за информирање, едуцирање, доквалификација или преквалификација на човечките ресурси во стопанство ).

2.2.3 Анкета на бизнис клима и формирање на база на податоци и мапирање на преспанското стопанство. Преку оваа анкета по пат на избор на проектен консултант ке се добијат ажурирани податоци за мапирање на стопанство.

**Вкупен предвиден буџет 200.000,00 денари**

**2.3 Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој**

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за одржлив развој на Општина Ресен, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

2.3.1 Потикнување на брендирање на производи и услоги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива.

Активноста предвидува отпочнување на процесот за идентификација на локалните производи и услуги и информативно-консултативни и едукативни работилници со индивидуални земјоделци и локалните производители. Врз база на ваквите подготвителни активности ќе се финансираат локални микро проекти за локално брендирање на производи и услуги.

2.3.2 Едукативно информативни работелници и семинари **за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.**

Едукативните семинари ќе ги опфати сите три Мерки од ИПАРД програмите.

2.3.3 Поддршка на проекти и програми поврзани со традиционалнит Занаети.

Преку оваа програма ќе се финансираат проекти за помош при опремување и уредување на знаетчиски простори, работилници или качиње каде што занаетчиите ќе може да го доопремат својот простор и да продуцираат занаетчиски производи или експонати, меѓу тоа и да уредат изложбен простор за своите производи.

2.3.4 Поддршка на проекти и програми поврзани со инфраструктурнипланови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области. ( доуредување со пристапни патишта, паркинг простори, патеки за движење до сите позначајни културно-историскиспоменици, техничко технолошко доопремување со урбана опрема (корпи, канти за отпадоци како и водовод, канализација ).

**Вкупен предвиден буџет 800.000,00 денари**

**2.4 Поттекнување на партнерство и стиммулативни мерки**

Еден од најважните аспекти за развој на локалната економија е поттикнувањето на партнерство и зајакнување на стопанство преку воведување на стимулативни мерки.
Согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Ресен и стратешките цели во делот на локалната економија од развојниот акционен план, предвидено е да се реализираат:

2.4.1 Саем на алтернативни форми на туризам

Саемот во организација на Општина Ресен, треба да овозможи презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните

форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенифит на најширок круг на семејства и граѓани на Општината. Воедно тоа ќе представува и вистинска можност за воспоставување на меѓусебни мрежи и асоцијации за соработка и заеднички настап на хотелиерите, туристичките организации, туроператори и даватели на услуги.

2.4.2 Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ исклучиво во функција на користење на средсвата од ЕУ фондови. За реализација на оие активности неопходни да се организираат работни посети како на представници на Општина Ресен во други општини така и на нивните представници кај нас.

**Вкупно предвиден буџет 1.000.000,00 денари**

**2.5 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.
Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

2.5.1 Партиципација односно сопствено учество на Општина Ресен за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите, Агенција за поддршка на руралниот развој** и др.

2.5.2 Партиципација односно сопствено учество на Општина Ресен за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на **Пелагонисиот Плански Регион** согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој.

2.5.3 Заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти.**

2.5.4 Партиципација односно обезбедување на потребните финансискисредства за поддршка на телата на **Преспа Парк проектот** и на други **проекти со прекугранично значење**, а за заштита на водите на Преспанското Езеро и институционализација на прекуграничното управување со истиот. Воедно поддршка и на процесот за канализирање на активностите за заштита на животната средина со посебен акцент на туризмот во целина.

**Вкупно предвиден буџет 1.500.000,00 денари**

## 2.6 Подготовка на проекти

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за **Локален Економски Развој** е најдиректно поврзано со степенот на нивната обучност и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за **ЛЕР**.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови ( ИПА ), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаење и приближување кон европските стандарди.
Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

2.6.1 Учество на стручни обуки, трениннзи, семинари, работелници, конференции,

2.6.2 Превод на стручна литература,

2.6.3 Консултанти услуги за специфични проектни активности,

**Вкупно предвиден буџет 300.000,00 денари**

**ВКУПЕН ПРЕДВИДЕН БУЏЕТ ЗА 2012 година 5.000.000,00 денари**

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/10 Претседател,
27.12.2011 год. Мемет Мурати с.р
Р е с е н

**8.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К

За прогласување на заклучокот по Програма за работата на ТППЕ за 2012 година

Се прогласува заклучокот по Програма за работата на ТППЕ за 2012 година, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/8<br>28.12.2011 год.<br>Р е с е н

Градоначалник<br>на Општина Ресен<br>Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010 ) Советот на Општината Ресен на седницата одржана на 27.12.2011 година, откако ја разгледаПрограма за работата на ТППЕ за 2012 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програма за работата на ТППЕ за 2012 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/11<br>27.12.2011 год.<br>Р е с е н

Претседател,<br>Мемет Мурати с.р

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на заклучокот по Планот за јавност во работата на општината

Се прогласува заклучокот по Планот за јавност во работата на општината, што Советот на Општината Ресен го донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/9
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010 ) Советот на Општината Ресен на седницата одржана на 27.12.2011 година, откако го разгледа Планот за јавност во работата на општината, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Планот за јавност во работата на општината

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/12
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Статутот на ОУ Дом на култура "Драги тозија" Ресен

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Статутот на ОУ Дом на култура "Драги тозија" Ресен, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/10 Градоначалник
28.12.2011 год. на Општина Ресен
Р е с е н Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 23 точка 31 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен бр.7/2010) Советот на Општината Ресен на седницата одржана на 27.12. 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
За давање согласност на Статутот на Општинската Установа Дом на култура ,,Драги Тозија,, Ресен

Член 1

Се дава согласност на Статутот на Општинската Установа Дом на култура,,Драги Тозија,, Ресен донесен од страна на Управниот одбор на Дом на култура "Драги Тозија Ресен.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Ресен,,

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/13 Претседател,
27.12.2011 год. Мемет Мурати с.р
Р е с е н

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Буџетот на Општината Ресен за 2012 година

Се прогласува Буџет на Општината Ресен за 2012 година, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/11
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

**12.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2012 год.

Се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2012 год., што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/12
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа(“Службен весник на Република Македонија” број 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/2004, 96/2004 и 67/07, 156/09), и член 23 од Статутот на Општината Ресен (“Службен гласник на Општината Ресен” број 7/2010), Советот на Општината Ресен на седницата одржана на ден 27.12.2011година, донесе

О Д Л У К А

за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2012 година

Член 1

Буџетот на Општината Ресен за 2012 година, (во понатамошниот текст-
Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет; Буџет на донации;Буџет на дотации; Буџет на заеми и Буџет на самофинансирачки активности;.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Законот и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на Основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, на Советот на општината му предлага изменување и дополнување на буџетот.

Член 7

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетските корисници корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и
потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на Буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

Член 8

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи идруги приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ,доставуваат барање за

намалување/зголемување на планот на приходите идругите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, коиГрадоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењетона средствата во даден квартал буџетските корисници го извршуваат врз основана Финансиски план по месеци.

Член 10

Општинските локални јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува, до Градоначлникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Член 11

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдуваво процентуален износ од 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот на општината за раководење и организирање на работата на советот, надоместокот му се зголемува за 30%.

Исплатата на надоместокот на членовите на Советот ќе се извршува во рамките на обезбедени средства во Буџетот, како за вработените во Општинската администрација.

Член 13

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно бруто платите се утврдуваат:
- за Градоначалникот појдовната основа изнесува коефициент 2,90.

Основицата за пресметување на платата е утврдена согласно Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во износ од 25.726 ,оо денари.

За вработените во општинската администрација:
- За државни службеници вредноста на бодот изнесува 73,85 денари.
- Кај останатите вработени во Општинската администрација кои немаат статус на државни службеници , бруто платата е на висина на платата исплатена во декември месец 2011 година.

- За вработените во Противпожарната единица бруто платата е на висина на платата исплатена во декември месец 2011 година.

Член 14

Исплатата на плати во јавните установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Одделението за финансирање и буџет е должно два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати. Кон барањето се приложува обрасци ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулација за пресметаните плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата, како и образец ,,6,,

Член 15

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање ќе се исплаќа во висина од 800,оо денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на вработениот му се обезбеди ноќевање и исхрана му следува 20% од утврдениот износ од став 1 од овој член.

Член 16

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешкипоследици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на вработениот во Општината и локалните јавни установи му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 17

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000,оо денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа , во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак , посиноци, посвоени деца,и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница , му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари по семејство.

Вработениот во општината со статус на државен службеник нема право на надоместок од ставот два на овој член во случај на смрт на негов родител.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со соодветен документ за идентификација (лична карта или пасош).

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходна оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината или директорот на локалната јавна установи.

Член 18

Отпремнината при заминување во пензија на вработениот во општината и локалната јавна установа е во висина на двократен износ од просечно месечно исплатената нето плата по вработен во Републиката објавена од Државниот завод за статистика во месецот во кој работникот заминува во пензија.

Член 19

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на општината и на локалните јавни установи се врши со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во денарска противвредност до 6.000 ден. каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Ч лен 20

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи, кој не може да надмине износ од 3% од Буџетот. За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

По исклучок од ставот 2 на овој член, за користење на средства од резервите до износ од најмногу 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот.

Член 21

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 22

Вработување на нови работници и пополнување на испразнети работни места може да се врши само доколку се во согласност со актот за

систематизација и ако за тоа се обезбедени средства од Буџетот на Општината.

За обезбедените средства Градоначалникот на Општината дава писмено известување.

Во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации,вработување на нови работници и пополнување на испразнети работни места може да се врши само доколку се во согласност со актот за систематизација, а по претходно добиена согласност.

Согласност од ставот 2 на овај член дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината за потребата од вработување со содветна пропратна документација ( решение за пензионирање,решение за престанок на работен однос по основ на смрт и/или по сопствено барање, или по било кој друг правен основ).

Член 23

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениотизнос се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои сеуплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 24

Буџетот на Општината Ресен за 2012 година се извршува од 1 јануари до 31 декември 2012 година.

Член 25

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Ресен”, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/15
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

**13.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К

За прогласување заклучокот по Буџетски календар за 2012 година.

Се прогласува заклучокот по Буџетски календар за 2012 година., што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/13
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 27 од Законот за финансирање на Единиците на Локална Самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), член 21-б од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08,103/08, 156/09 и 95/10) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен “ бр. 7/10), Советот на Општината Ресен на Седницата одржана на ден 27.12.2011 год., донесе

# Б У Џ Е Т С К И  К А Л Е Н Д А Р
# на Општина Ресен за 2012 година

**Член 1**

Буџетскиот календар на Општина Ресен за 2012 година ги утврдува роковите и носителите на активностите за подготовка на Буџетот за 2012 година.

**Член 2**

Роковите и носителите на активностите за подготовка на Буџетот за 2012 година се утврдени во табела бр.1

**Член 3**

Буџетскиот календар на Општина Ресен за 2012 година ќе се применува со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/16
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемет Мурати с.р

Табела бр. 1

**2011 година**

| Чекор | Носител | Постапка | Рок |
|---|---|---|---|
| 1. | Совет на Општина | Донесување на буџетски календар | Декември, 2011 година |

**2012 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Министерство за финансии | Доставува до Владата на РМ Фискална Стратегија на РМ за нередните три години | Април |
| 2. | Министерство за финансии | До општината го доставува Буџетскиот циркулар кој ги содржи главните насоки за: изготвување на Буџетите на општините и висината на дотациите за општините од Буџетот на РМ | Најдоцна до 30-ти Септември |
| 3. | Совет на општина | Извештај за остварување на приходите | Септември |
| 4. | Градоначалник на општина | Подготовка на главните насоки за изготвување на финансиските планови и ги доставува до општинските буџетски корисници | Октомври |
| 5. | Градоначалник на општина | Подготвува Предлог План на Програми за развој | Најдоцна до 20-ти Октомври |
| 6. | Совет на општина | Го одобрува Предлог Планот на Програмите за развој | Најдоцна до 15-ти Ноември |
| 7. | Општински буџетски корисници | До Градоначалникот на општината ги доставуваат своите предлог буџетски пресметки/финансиски планови, со образложение за висината на износите по позиции | Ноември |
| 8. | Одделение за финансиски прашања | Анализа на барањата на општинските буџетски корисници и известување на Градоначалникот на општината за нивните основни параметри | Ноември |
| 9. | Одделение за финансиски прашања | Подготвување на Предлог-Буџетот на општината | Ноември - Декември |
| 10. | Градоначалник на општина | Доставување на Предлог-Буџетот на општината до Советот на оштината | Ноември-Декември |
| 11. | Совет на општина | Донесување на Буџетот за 2013 година | Најдоцна до 31-ви Декември |
| 12. | Општински буџетски корисници | Доставување на месечни извештаи М1 | До 15-ти од месецот за предходниот месец |

**14.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување Одлуката за утврдување на висината на благајнички максимум

Се прогласува Одлуката за утврдување на висината на благајнички максимум, што Советот на Општината Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.12.2011 година.

Бр.08-3084/14
28.12.2011 год.
Р е с е н

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр. 5/02), член 20 од Законот за платен промет („Службен Весник на РМ“ бр. 113/07, 22/08, 159/08 и 133/09) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен Гласник на Општина Ресен„ бр. 7/10), Советот на Општина Ресен на Седницата оддржана на ден 27.12.2011 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на благајничкиот максимум на Општина Ресен да изнесува 60.000,00 денари.

**Член 2**

Сите парични средства примени во готово во благајната по која и да било основа се уплатуваат на приходните сметки преку трезорската сметка истиот ден или најкасно наредниот ден од наплатата.

**Член 3**

Готовите пари влечени од Буџетската сметка за исплата преку благајната за материјални и други исплати се врши истиот ден или најдоцна наредниот ден од приемот во благајната.

**Член 4**

Касовиот извештај се изготвува секој ден по извршувањето или најдоцна наредниот ден по извршениот промет.

**Член 5**

Плаќањето на производи и услуги во готово не може поединечно да биде повеќе од 6.000,00 денари.

**Член 6**

Условите и начинот на наплата, како и располагањето и плаќањето со парите ќе биде согласно со Упатството донесено од Министерот за финансии.

**Член 7**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.07-2994/17 Претседател,
27.12.2011 год. Мемет Мурати с.р
Р е с е н

**15.**

Комисијата за Статут и Прописи по разгледување на основниот текст и текстот на Заклучокот со бр.08-2980/29 објавено во (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.10/2011) утврди дека се направени технички грешки, поради што се дава

И С П Р А В К А

Во насловот од Заклучокот со бр.08-2980/29 и во ст.1 од истиот наместо "Програма за одржување на јавната чистота во Ресен за 2012 година.„ треба да стои "Програма за одржување и уредување на градските гробишта во Ресен за 2012 година"

Бр.07-2994/18
27.12.2011 год.
Р е с е н

Претседател на комисија
Мемет Мурати с.р

## СОДРЖИНА


1. Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Ресен за 2012 година.........................................................1

2. Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Р.Македонија за потрачјето на Општина Ресен за 2012 година......................................................18

3. Планот на Програми за развој.........................................................26

4. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Ресен за 2012-2013 година..........................................................................................34

5. Програма за уредување на градежното земјиште и заштитата на животната средина на просторот на Општина Ресен во 2012 година..........................................................................................39

6. Заклучок по Програма за улично осветлување за 2012 година.....48

7. Програма за поддршка на локалниот економски развој и поттикнување на развојот на туризмот на Општина Ресен за 2012 година..........................................................................................49

8. Заклучок по Програма за работата на ТППЕ за 2012 година........................................................................................56

9. Заклучок по План за јавност во работата на општината.........................................................................57

10. Одлука за давање на согласност на Статутот на ОУ Дом на култура “Драги тозија“ Ресен...........................................................58

11. Буџет на Општината Ресен за 2012 година....................................59

12. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2012 год...........................................................................................120

13. Буџетски календар за 2012 година...............................................126

14. Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум..128

15. Исправка..........................................................................130